Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-320/11
30-09-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-320/1 од 21.03.2024 година, поднесена од [redacted] од Охрид против Државен пазарен инспекторат за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 04.09.2024 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА од Државен пазарен инспекторат врз лицето [redacted] од Охрид во областа на работа и работни односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 21.03.2024 година лицето [redacted] со адреса на живеење на ул. [redacted] Охрид, поднесе Претставка бр. 08-320/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).

Во претставката, подносителот наведува дека е вработен во Државен пазарен инспекторат- подрачно одделение во Охрид на работно место Помлад соработник за административни работи. Според подносителот, од моментот кога започнал со работа во инспекторатот на неговата работна позиција, тој бил дискриминиран, деградиран и угнетуван од страна на [redacted], а тоа преминало и на највисоките раководни служби каде е заснован неговиот работен однос. Тој наведува дека првично бил дискриминиран поради неговото образование со кое бил преземен во самата институција, поради што своеволно завршил второ високо образование и се стекнал со втор академски назив дипломиран правник. Тој како вработен во Државен пазарен инспекторат- подрачно одделение во Охрид на работно место Помлад соработник за административни работи ниво В-4, поднел две барања за промена на неговото работно место, во работно место Помлад инспектор, согласно член 40 став 4 од Законот за административни службеници, а во врска со член: 41 став 4 од Законот за инспекциски надзор. Поточно тој поднел барање до надлежниот Директор на Државен пазарен инспекторат, за хоризонтално движење на административен службеник од Помлад соработник за административни работи во Помлад инспектор. Првото барање го поднел на 11.09.2023 година под Архивски број 04-37/1, а второто на 08.11.2023 година под Архивки број 04-48/1, по кое поднел и Ургенција до Директорот на инспекторатот. По поднесените барања тој не добил никаков одговор од страна на директорот, по што поднел претставка до Управен инспекторат со цел да добие одговор на поднесените барања. Тој во претставката истакнува дека во истото одделение, во истата институција од страна на негова колешка било поднесено барање за промена на работно место, односно хоризонтално движење на административен

службеник, на 03.11.2023 година, заверено под Арх. Број: 04-46/1, а на кое барање на 14.02.2024 година добила позитивен одговор, односно и се променило работното место од Помлад соработник во Помлад инспектор. Дополнително на тоа, на истиот ден кога колешката добила одговор, започнала со работа и друга колешка која била вработена на работно место Помлад инспектор по основ на Јавен оглас, објавен на ден 11.12.2023 година, три месеци откако тој поднел барање. Тој истакнува дека бил ставен на чекање, додека за работна позиција од исто ниво, за кое веќе барање, се вработувале нови лица, иако тој веќе бил вработен во инспекторатот 2 години и 8 месеци. Понатаму, тој наведува дека додека бил на боледување, од страна на колегите му било соопштено дека стигнал одговор на неговите барања, како што наведува дури шест месеци откако поднел барање, а во кој одговор се наведувало дека поради изборниот процес кој бил во тек, неговото барање не можело да се разгледува. Ваквиот одговор подносителот дополнително го достави со допис бр. 08-320/4 на 15.05.2024 година. Подносителот понатаму наведува дека мобингот од страна на Раководителот Цветко Ристески продолжил кон него, иако тој поднел претставка за мобинг до Државниот инспекторат за труд.

Кон претставката во копии подносителот достави: Архивски незаверен допис до Државен пазарен инспекторат; Известување бр. 08-1 од 06.02.2024 година, на Агенцијата за администрација; Писмен допис до Инспекциски совет; Известување за тек на постапка НП бр. 15/24 од 07.03.2024 година од Народен правобранител; Известување за покренување на постапка НП бр. 15/24 од 22.01.2024 година од Народен правобранител и Одговор на претставка бр. УПП16-485/2023 од 16.01.2024 година од Инспекциски совет.

Комисијата ја достави на изјаснување претставката од подносителот до Државниот пазарен инспекторат со Барање на бр. 08-320/2 од 04.04.2024 година.

Државниот пазарен инспекторат со Одговор бр. 04-688/4 од 17.04.2024 (добиен на 15.05.2024 година и заверен под бр. 08-320/3) година се изјасни за наводите во претставката.

Во одговорот инспекторатот известува дека се обратил до Раководителот на Одделението за инспекциски надзор Охрид - Помошник главен инспектор Цветко Ристески со барање за негово произнесување, а кој негов одговор го доставува во прилог. Дополнително истакнуваат дека согласно член 43 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) “Вработениот во јавниот сектор, на негово барање или по потреба на институцијата, може да биде трајно распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, за што раководното лице на институцијата носи решение за негово распоредување во институцијата“, со што барањето на административниот службеник не е облигаторно да биде трајно распореден на бараното место, туку е можно. Следствено, истакнуваат дека в.д. Директорот во Државниот пазарен инспекторат постапува согласно член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.

58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), па од тука и неговата одговорност за законско постапување по однос на донесувањето на одлуките. Во одговорот на [redacted] за инспекциски надзор Охрид - [redacted] тој истакнува дека наводите во претставката ги отфрла во целост како невистинити, нереално и дека пристрасно е опишана состојбата, според него само да се извлече некаква лична корист, а сето тоа со искажани лаги и невистини. Тој наведува дека единствено што е точно во самата претставка е тоа дека административниот службеник бил преземен во ДПИ согласно К-5 програма во 2021 година и тоа со образование кое го нема во систематизацијата на работни места во Државниот пазарен инспекторат за работна позиција со звање Инспектор и затоа бил преземен како помлад соработник во групата на УПР. Според него, иако подносителот се стекнал со друга диплома од Универзитетот Климент Охридски Битола-Правен факултет Кичево, во инспекторатот, како што наведува „има плејада вработени кои се стекнале со образование многу пред тоа и чекале и чекаат да бидат прераспоредени според ново стекнатото образование од причина што промената на актите за систематизација е процес кој не се прави брзо - преку ноќ“. Понатаму, наведува дека во периодот кој административниот службеник го наведува во претставката како период дека поднесувал барања под архивски броеви наведени во самата претставка, истиот имал направено дисциплински престап според член 73 од Законот за административни службеници. Истакнува дека подносителот направил суштествена повреда на работните задачи со тоа што спротивно на Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи следствено на тоа спротивно на член 4 став 7 од правилникот за формата, големината и содржината на печатите, начинот на нивното чување и употреба, како и за штембилите на државните органи го употребил печатот на ДПИ-подрачно одделение Охрид, иако за тоа не бил овластен, поради што на 13.02.2023 година врз основа на член 73 став 1 од законот за административни службеници било поднесено барање за поведување дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап за несовесно и небрежно вршење на работните задачи. Тој наведува дека сите останати барања и претставки до институции кои службеникот ги наведува во претставката се со одговор дека се неосновани. На крајот во одговорот тој истакнува дека во неговото 30 годишно работно искуство како Државен службеник - период во кој совесно и одговорно и со огромна почит кон сите негови колеги ги извршувал работните задачи, прв пат се соочува со тоа некој да се повикува на тоа дека бил дискриминиран, што истото го отфрла како неосновано и со елементи на лаги и инсинуации.

Подносителот со два дописи на 15.05.2024 година ја дополни претставката. Во дописите тој истакнува дека во одговорот на неговите барања, од страна на инспекторатот било наведено дека истите ќе бидат разгледани по завршување на процесот на парламентарните избори, притоа истакнувајќи ја и потребата од соодветно изменување на актот за систематизација на работните места во ДПИ. Тој во дописите наведува и дека работодавачот не дал никакво образложение на материјалниот факт како тоа се објавува Јавен оглас за прием на Помлад инспектор,

а на неговото барање немало одговор, како и зошто на барање поднесено после неговото барање од страна на колешка бил доставен одговор на 14.02.2024 година.

Комисијата се обрати до Државниот пазарен инспекторат со Барање за информации и податоци бр. 08-320/6 од 04.07.2024 година, со кое побара доставување на сите решенија за трајно распоредување на вработени во ДПИ на други работни места во претходните 2 години; сите барања од вработени за нивно распоредување на друго работно место во горенаведениот период; податоци за спроведени вработувања по пат на јавен оглас за работни места со звања помлад инспектор во периодот од месец октомври 2023 година до заклучно со месец јануари 2024 година со податок за лицата кои се пријавиле на истите и податок за сите вработувања по пат на интерен оглас за работни места со звања помлад инспектор во периодот од месец октомври 2023 година до заклучно со месец јануари 2024 година со податок за лицата кои се пријавиле на истите.

До Комисијата на 29.07.2024 година со Допис бр. 04-688/7 од 26.07.2024 година, Државниот пазарен инспекторат ги достави бараните информации и податоци, односно Копие од сите решенија за трајно прераспоредување и превземање на вработените во ДПИ за периодот од јули 2022 година до јули 2024 година (вкупно 55 решенија); Копие од Интерен оглас 0383/2022 и Решенија за унапредување на административни службеници по интерен оглас број 03/2022 (вкупно 26 решенија); Копие од интерен оглас 01/2023 и Решенија за унапредување на административни службеници по интерен оглас број 01/2023 (вкупно 26 решенија); Копие од Јавен оглас 568/2023 и Решенија за вработување, стекнување статус, прераспоредување на работно место и плата на административен службеник по јавен оглас број (вкупно 9 решенија); Копие од Јавен оглас 570/2023 и Решенија за вработување, стекнување статус, прераспоредување на работно место и плата на административен службеник по јавен оглас број (вкупно 5 решенија); Копие од Јавен оглас 571/2023 и Решенија за вработување, стекнување статус, прераспоредување на работно место и плата на административен службеник по јавен оглас број (вкупно 5 решенија); Копие од Јавен оглас 609/2023 и Решенија за вработување, стекнување статус, прераспоредување на работно место и плата на административен службеник по јавен оглас број (вкупно 3 решенија); Копие од Јавен оглас 610/2023 и Решенија за вработување, стекнување статус, прераспоредување на работно место и плата на административен службеник по јавен оглас број (вкупно 7 решенија); Копие од Јавен оглас 651/2023 и Решение за вработување, стекнување статус, прераспоредување на работно место и плата на административен службеник по јавен оглас број; Податоци за спроведени вработувања по јавен оглас за работни места со звања помлад инспектор во периодот од месец октомври 2023 заклучно со месец јануари 2024 година и копие од објавените огласи и копие од Решенијата за вработување за избраните кандидати и Барања од вработените административни службеници за нивно прераспоредување и унапредување за периодот од јули 2022 година до јули 2024 година кои не се уважени и се земени во предвид за постапување во иднина (вкупно 28 барања).

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло

национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Комплементарно, директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно член 6 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), на ниво на институција надлежни за управување со човечките ресурси се: раководното лице, секретарот и организационите единици за управување со човечки ресурси.

Во согласност со член 10 од Законот за административни службеници, *Раководното лице, односно функционерот кој раководи со институцијата (во натамошниот текст: раководното лице), во смисла на овој закон, обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во институцијата и други акти на институцијата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, донесува годишни планови за вработување на административни службеници, како и решава за правата од работен однос на административните службеници во институцијата согласно со законот со кој е избран или именуван на функција.*

Согласно член 43 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/2019, 14/2020 и 302/2020), вработениот во јавниот сектор, на негово барање или по потреба на институцијата, може да биде трајно распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, за што раководното лице на институцијата носи решение за негово распоредување во институцијата.

Комисијата ценејќи ги подеднакво изнесените факти и околности во претставката и наводите во изјаснувањето на Државниот пазарен инспекторат, заедно со прилозите кон истите, утврди дека врз подносителот не е сторена директна дискриминација од страна на Државниот пазарен инспекторат.

Имено, за да постои дискриминација во согласно член 6 и член 8 став 1 и во врска со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да бидат исполнети одредени услови. Комисијата при утврдување на фактичката состојба ценеше дали постои дискриминаторски основ, дали постои релевантна споредлива ситуација и дали постои повреда на право. Следствено, Комисијата не утврди ниту повреда на право во конкретниот случај. Распоредувањето на административниот службеник од едно на друго работно место согласно членот 43 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор е во диспозиција на раководното лице, во конкретниот случај директорот на инспекторатот во согласност со потребите на институцијата, односно ваквата одредба не е императивна во однос на барањето на вработениот, која предвидува одредено задолжително постапување на раководното лице. Понатаму, иако подносителот наведува споредлива ситуација, сепак Комисијата согласно обезбедените информации и податоци не најде постоење на дискриминаторски основ, ниту пак таков е првично наведен во самата претставка, за да може Комисијата да цени и да утврди причинско-последична врска на дискриминаторски основ со определено дејствие на работодавачот, а како резултат на кое подносителот би бил ограничен или спречен во уживање, признавање или остварување на некое негово право или слобода, во смисла на одредбите од членовите 5, 6 и 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кои го определуваат обележјето на дискриминацијата. Дотолку што, видно од обезбедените податоци, подносителот немал пречка, односно не бил спречен да се пријави на објавен јавен оглас за вработување од страна на Државниот пазарен инспекторат и на тој начин да биде вработен – распореден на бараното работно место.

Оттука, за да постои директна дискриминација, пред се треба да има определено дејствие од страна на Државниот пазарен инспекторат, односно директорот со кое би се повредило одредено право или слобода на подносителот, засновано на определен дискриминаторски основ.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

1. [redacted]
2. *Државен пазарен инспекторат*
3. *Архива на Комисијата*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk